**ЗАПИСНИК**
**од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 21.10.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Цветанка Митревска, м-р Владимир Ѓорѓиески, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 38-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:10 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 7-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.10.2020 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 14.10.2020 година.
3. Усвојување на Предлог-записник од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.10.2020 година.
4. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 јули до 30 септември 2020 година.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје за прекршување на чл.141 од ЗАВМУ.

6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје за прекршување на чл.143 став 5 од ЗАВМУ.
7. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје.
8. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид.
9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка услуга: Печатарски услуги.
10. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка услуга: Технички преглед на лифтови и платформа.
11. Предлог-одлука за одобрување на финансиски средства за обновување на 2 кориснички пристапи на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“.
12. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 7-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.10.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 14.10.2020 година, со текст како што беше предложен.

Забелешка: Во текот на гласањето по овој записник г-дин Фиданоски имаше мал технички проблем со интернет конекцијата и неговото гласање и изјаснување дека нема забелешки по Записникот од првото продолжение на 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 14.10.2020 година беше аудио пренесено, преку телефонска врска со г-дин Петрушевски.

**Точка 3**

Советот го разгледа Записникот од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.10.2020 година.

Г-дин Ајдини имаше забелешка на страна 8 од вкупниот материјал или 4-та страница од Записникот во делот на неговото образложение. Во врска со реченицата „Универзитетот има свои причини можеби и некоја трета која не ја знаат..“, рече дека постои можност така

да кажал но тоа ја губи смислата. Идејата му била дека можеби постои трета причина која членовите на Советот не ја знаат.

Советот на Агенцијата со корекцијата од г-дин Ајдини, едногласно го усвои Записникот од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.10.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во врска со кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 јули до 30 септември 2020 година, потсети дека како точка на дневен ред се постави пред една-две години по иницијатива на членовите на Советот за да можат континуирано да ја следат работата на Агенцијата. Точката е од информативен карактер, не гласаат по неа, но отворена е можноста за дискусија.

**Точка 5**

Раководителот на Одделението за заштита на авторските права м-р Владимир Ѓорѓиески го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје за прекршување на чл.141 од ЗААВМУ. Објасни дека согласно годишниот план за редовни надзори на 15.10.2020 година секторот направи редовен надзор над операторот Тотал ТВ, со цел да се утврди дали истиот ги исполнува условите од Законот односно дали работи согласно член 64 став 2 како и член 141 став 13 од ЗААВМУ. Во таа насока надзорот беше направен да се увиди дали се реемитуваат програмски сервиси согласно издадениот пакет од АВМУ. Констатациите се дека операторот го реемитува програмскиот сервис ТВ 24 Вести надвор од пакетот, односно пред претходно да го регистрира во Агенцијата. Согласно извештајот и согласно Законот се предлага да му се изрече мерка јавна опомена.

Г-дин Петрушевски рече дека јавната опомена е заради тоа што операторот не склучил договор со една домашна телевизија кој мора да го има ако сака да го реемитува. Со оваа мерка ќе се потсети за обврската и се надева дека во периодот што следи за усогласување ќе го склучат договорот со ТВ 24 Вести.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-3887/1 од 19.10.2020 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје заради прекршување на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и му наложи веднаш по приемот на решението за изрекување мерка, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис кој не е регистриран во Агенцијата.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор да се достави до Агенцијата за електронски комуникации.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителот на Одделението за заштита на авторските права м-р Владимир Ѓорѓиески го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје за прекршување на чл.143 став 5 од ЗАВМУ. Објасни дека и тука станува збор за редовен надзор и е констатирано дека операторот не постапил согласно член 143 став 5 односно во својот програмски пакет ги нема обезбедено сите програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис што мора да ги има вклучено. Во конкретниот случај не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „ МРТ 3“, „ МРТ 4“ и „МРТ 5“, што е спротивно на член 143 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Од тие причини се предлага мерка јавна опомена согласно Законот.

Г-дин Петрушевски праша дали ова прекршување првпат се случува односно дали претходните години имало ваков тип на прекршување?

Раководителот Ѓорѓиески одговори дека најверојатно прекршокот е сторен затоа што оваа година јавниот сервис има нови канали „МРТ 3“, „ МРТ 4“ и „МРТ 5“, а претходните години ги имаше „МРТ 1“, „МРТ 2“ и Собраниски канал.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-3888/1 од 19.10.2020 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје заради прекршување на член 143 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и му наложи во рок од 30 (триесет) дена од приемот на решението за изрекување мерка, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно во програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги вклучи сите програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар го образложи Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје. Објасни дека на 07.10.2020 година се донесе Одлука за одземање на дозволата на овој радиодифузер поради неисполнување на обврската од ЗААВМУ, односно не го платил годишниот надоместок за вршење радиодифузна дејност. Следствено на тоа, согласно член 85 став 2 од ЗААВМУ Агенцијата треба да донесе решение за бришење на овој радиодифузер од регистарот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар го образложи Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид. Објасни дека овој радиодифузер кој емитуваше програма на територијата на општина Охрид и општина Дебарца достави известување со кое побара да биде избришан од регистарот на радиодифузери. Претходно од страна на Агенцијата беше известен дека за тоа да се случи треба да достави Изјава заверена на нотар од управителот и основачот во која задолжително треба да биде наведено дека престанува со емитување на својот сервис. На 35-та седница на Советот беше покрената постапка за одземање на дозволата затоа што повеќе од 30 дена не емитуваше програма. Во меѓувреме пак тој ја достави потребната изјава со која извести дека од 22.08.2020 година престанува со емитување на телевизиска програма. На 37-та седница беше запрена постапката за одземање на дозволата на овој радиодифузер. Со оглед дека сега се исполнети условите за носење на решение за бришење од регистарот и бидејќи во овој случај Агенцијата не носи одлука, подготвено е предлог-решение кое е дадено во прилог на материјалите.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека жали за згаснувањето на овие два медиуми кои имаа помала финансиска можност за заработка.

**Точка 9**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Печатарски услуги. Објасни дека станува збор за стандардна набавка која се спроведува секоја година и истата е предвидена во Годишниот план за јавни набавки а средствата се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за 2020 година. Според предвидениот износ ќе се спроведе како набавка од мала вредност. Сите податоци кои се однесуваат за начинот на набавката се содржани во техничката спецификација која е доставена во рамките на материјалот за седницата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка–услуга: Печатарски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Печатарски услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-460/7 од 29.09.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 10**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка–услуга: Технички преглед на лифтови и платформа објасни дека набавката заеднички ќе се спроведе со Агенција за млади и спорт.

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека и за оваа набавка исполнети се двата основни предуслови за истата да може да се спроведе односно предвидена е во Годишниот план за јавни набавки и предвидени се средства во Финансискиот план на Агенцијата. Оваа набавка ќе се спроведе како групна набавка заедно со Агенција за млади и спорт бидејќи и тие се јавуваат како корисници на лифтовите и на платформата. Набавка ќе се спроведе за период од две години а според проценетата вредност ќе се спроведе како мала набавка. Податоци за целокупната услуга и начинот за нејзиното спроведување има во доставените материјали.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка–услуга: Технички преглед на лифтови и платформа.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Технички преглед на лифтови и платформа за 2 години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-460/7 од 29.09.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година, односно ќе бидат обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за 2021-та и 2022-та година.

**Точка 11**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-одлуката за одобрување на финансиски средства за обновување на 2 кориснички пристапи на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија" објасни дека станува збор за единствен понудувач на оваа услуга со кој директно се склучува договор. Но според Законот Советот претходно треба да даде одобрување.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за финансиски средства во износ од 22.000,00 денари со пресметан ДДВ 18%, за обновување на 2 (два) кориснички пристапи на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија", за период од 12 (дванаесет) месеци.

Износот на средствата за пристап на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија", е предвиден во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година.

**Точка 12**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-3897/9**
**06.11.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**